# Рецитал

**Марина Николовска**

**Обоа**

**Елена Атанасовска Ивановска**

**Пијано**



Македонска Филхармонија

Камерна сала,

14 мај 2018

20:00h

# ПРОГРАМА

A. Ponchielli:
Capriccio за обоа и пијано

C. Saint Saens:
Соната за обоа и пијано
Andantino | Allegretto | Allegro molto

C. Colin:
Grande Fantasia Concertante

# ВТОР ДЕЛ

R. Schumann:
Adagio and Allegro

P. Hindemit
Соната за обоа и пијано
- Munier
- Sehr langsam. Lebhaft - Sehr langsam, wie zuerst - Wieder lebhaft

C. Nielsen - Romance & Humoresque

Марина Николовска



**Марина Николовска** е родена во 1984 година во Кавадарци, каде го завршува нижото музичко образование на отсекот флејта во класата на професор Силвана Чулева - Атанасова. Средното музичко училиште го завршува во МБУЦ „Илија Николовски - Луј" - Скопје на отсекот обоа во класата на професор Гордана Јосифова - Неделковска. Во 2007 година дипломира на Факултетот за музичка уметност во класата на истиот професор со највисока оцена Cum Laude. Магистрира кај истиот професор во 2011 година.

Од 2005 година Марина Николовска е член на симфонскиот оркестар на Македонската филхармонија, со која што има остварено огромен број на концерти со врвни уметнички имиња. Воедно е член и на No Borders Orchestra, составен од реномирани музичари од поранешните југословенски простори. Настапувала и со Балканскиот камерен оркестар. Од 2013 година е член на Балканскиот секстет ProArte, составен од музичари од Македонија, Албанија, и Косово, со кој оствариле концерти во Македонија и странство.

Марина Николовска учествувала на повеќе натпревари и е добитник на повеќе награди:

- 2003 година - II награда - Државен натпревар - Скопје
- 2003 година - II награда - Интернационален натпревар „Охридски бисери" - Охрид
- 2005 година - I награда - Интернационален натпревар „Охридски бисери" - Охрид
- 2006 година - I специјална награда - Државен натпревар по камерна музика - Скопје
- 2006 година - I награда - Државен натпревар - Скопје

Настапувала како солист со Македонската филхармонија во 2002, 2005, 2006, 2007 и 2010 година. Во 2011 година настапила како солист со оркестарот на Факултетот за музичка уметност.



## Елена Атанасовска Ивановска

**Елена Атанасовска-Ивановска** е една од најуспешните и најафирмирани пијанисти во Македонија, која активно учествува во музичкиот живот во земјава, но и надвор од неа. Основното и средното музичко образование го завршува во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ во класата на проф. Лепа Мрмевска. Дипломира со највисока оцена CUM LAUDE на Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на еминентниот проф. Борис Романов. Во 2005 година завршува постдипломски студии во класата на истиот професор.

Во текот на музичкото образование се здобива со награди на државни и меѓународни натпревари. Повеќе први награди на републичко ниво, I награда на меѓународниот натпревар „Златен Лист“ во категорија на дуо состав во Сан Бартоломео, Италија (1996), II награда на истиот натпревар во категорија соло пијано (1996), II награда на натпреварот „Музиката и земјата“ во категорија на камерни состави, Софија, Р. Бугарија (1996), III награда на Шопеновиот натпревар во Нови Сад, Србија (1997).

Учествувала на пијано семинари кај проф. А. Валдма, проф. Ј. Михајловиќ, проф. М. Молова, проф. Н. Макарова, проф. Љ. Рошчина, проф. С. Доренски, проф. А. Бондурјански, но најплодна и најуспешна е соработката со проф. Борис Романов, во чија класа ги продолжува студиите по пијано.

Во 1997 год. учествува на летниот музички семинар „Нови имиња“ во Суздаљ, Русија, каде што има забележителен настап на концертот на најуспешни семинаристи.

Во 2003 година добива награда за најдобар студент од фондацијата „Франк Манинг“.

Повеќепати имала соло настапи со Македонската Филхармонија и Камерниот оркестар на Музичката Младина на Македонија.

Бројни се концертите во рамките на домашните реномирани фестивали „Охридско лето“, „Скопско Лето“, „Есенски музички свечености“, „Денови на Македонска музика“, „Битолско лето“, „Гевгелиска есен“, но и фестивали надвор од земјава, како, „Сараевска Зима“ – Босна и Херцеговина (2006год. полурецитал и пијано соработник на Елена Настеска – сопран), „Festival de Musica do palacio da Bolsa“ - Португалија, (2009год. со Гордана Јосифова – Неделковска – обоа, каде настапи и со солистичко дело), „Festival de Musica de Sant Pere de Rodes“ – Шпанија (2009 год.), „Guarnerius, Centar lepih umetnosti Jovana Kolundzije“ (2013 год. со Гордана Јосифова – Неделковска – обоа), „Carniarmonie“ (2014 год. со Гордана Јосифова – Неделковска – обоа).

Со рецитали, полурецитали и како пијано соработник настапувала во Грција, Република Србија, Бугарија, Америка, Шпанија, Италија, Португалија, Босна и Херцеговина, Косово.

Активно соработува со неколку уметници од замјава, како пијано дуото со една од најафирмираните пијанисти, Марија Ѓошевска, проф. Гордана Јосифова Неделковска- обоа, Горан Начевски-баритон, Ристо Ѓоревски- кларинет и други.

Има снимено аудио запис на „Соната за две пијана“ од Т. Зографски, која се најде на ЦД- то на Марија Ѓошевска.

Како поддржувач на младите честопати се јавува како пијано соработник на многубројни магистерски и докторски испити во рамките на ФМУ.

Соработувала со Македонската Филхармонија како нејзин надворешен пијанист, како и со оркестарот за филмска музика F.A.M.E.S.

Во моментов работи како уметнички соработник на Факултетот за музичка уметност во Скопје, а воедно е во подготовка нејзината докторска дисертација.